Република Северна Македонија
Државен завод за статистика

MAKSTAT

# Месечен статистички извештај




Скопје, 2024

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
Државен завод за статистика
МАКСТАТ

# МЕСЕЧЕН СТАТИСТИЧКИ ИЗВЕШТАЈ

Број 1.2.24.03 | 2024 | Година LXXIV

Издавач:
ДРЖАВЕН ЗАВОД ЗА СТАТИСТИКА
ул. “Даме Груев” бр. 4, Скопје

Телефон: +389/02/3295-600
Факс: +389/02/3111-336

веб-страница: http://www.stat.gov.mk

Одговара:
Апостол Симовски, директор

Материјалот го обединува: Македонка Трајкова

Лектор: м-р Кирил Ангелов

Месечен статистички извештај, LXXIV, бр. 03, 2024, ISSN 1857-7520

Излегува еднаш месечно

| ВЕ МОЛИМЕ, ПРИ КОРИСТЕЊЕТО НА ОВАА ПУБЛИКАЦИЈА ДА ГО НАВЕДЕТЕ ИЗВОРОТ |
|---|

Страници: 73

**СОДРЖИНА**

ОПШТИ НАПОМЕНИ ..... 4

МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА..... 5

ОПШТИ СТОПАНСКИ ИНДЕКСИ ..... 20

ОСНОВНИ ГОДИШНИ ПОДАТОЦИ ..... 21

ОСНОВНИ ТРИМЕСЕЧНИ ПОДАТОЦИ..... 23

ИНДУСТРИЈА
Индекси на индустриското производство ..... 38
Индекси на залихите на готови производи ..... 40
Индекси на работниците во индустријата ..... 42
Индекси на прометот во индустријата, вкупно ..... 44
Индекси на прометот во индустријата на домашен пазар..... 46
Индекси на прометот во индустријата на странски пазари ..... 48
Производство на основни производи..... 50

ГРАДЕЖНИШТВО
Извршени градежни работи од страна на деловните субјекти од областа на градежништвото ..... 51

СООБРАЌАЈ
Поштенски сообраќај ..... 52

ПРОМЕТ
Салдо на стоковната размена..... 53
Стоковна размена на Република Северна Македонија со странство според економските групации на земјите ..... 54
Промет во трговијата..... 55
Промет во угостителството, туризам и ноќевања ..... 56

ЦЕНИ
Индекси на цени ..... 57
Индекси на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ..... 58
Индекси на продажните цени на производителите на индустриски производи на странски пазари ..... 59
Индекси на продажните цени на производителите на индустриски производи, вкупно ..... 59
Индекси на цените во земјоделството..... 60
Индекси на цените на мало ..... 61
Индекси на цените на мало на стоки и на услуги ..... 62
Цени на мало по градови ..... 64
Индекси на трошоците на животот ..... 65
Верижни индекси ..... 66

ВРАБОТЕНИ И ПЛАТИ
Вработени и невработени по возрасни групи..... 67
Невработени, 2018-2023 ..... 67
Просечна исплатена нето-плата, по вработен ..... 68

ПРИРОДНО ДВИЖЕЊЕ НА НАСЕЛЕНИЕТО ..... 71

## ОПШТИ НАПОМЕНИ

Месечниот статистички извештај е едно од најстарите изданија на Државниот завод за статистика во кое се објавуваат податоци за изминатиот месец, како и статистички серии за подолг период.

Следејќи ги барањата на корисниците, како и промените во статистичкиот систем на Република Северна Македонија, Државниот завод за статистика направи проширување на областите и содржините кои се објавуваат.

Податоците во Месечниот статистички извештај претставуваат претходни податоци и според тоа можни се мали грешки и отстапувања што постепено се исправаат во наредните броеви.

Во делот “Методолошки објаснувања” се дадени објаснувања за користената методологија и начинот на прибирање на податоците, што ќе придонесе за поедноставно користење на податоците.

Сите податоци објавени во Месечниот статистички извештај се резултат од работата на официјалните статистички органи и според тоа претставуваат службени податоци.

## СИМБОЛИ И КРАТЕНКИ

| | |
|---|---|
| - | нема појава |
| ... | не се располага со податок |
| Ø | просек |
| 0 | податокот е помал од 0.5 од дадената единица мерка |
| 0.0 | податокот е помал од 0.05 од дадената единица мерка |
| 1) | ознака за фуснота под табелата |
| ( ) | непотполн, односно проценет податок |
| * | коригиран податок |
| : | заштитен (индивидуален) податок |
| ...* | индексот е над 1000 |
| ↓ ← | опфатено со податокот во правец на стрелката |
| (CV>=25) | непрецизна оцена, различна од нула |

# МЕТОДОЛОШКИ ОБЈАСНУВАЊА

## БРУТО-ДОМАШЕН ПРОИЗВОД

Пресметките на бруто-домашниот производ на тримесечно ниво, главно, се базираат на краткорочните индикатори што ги произведуваат Државниот завод за статистика и другите релевантни институции.

Податоците за соодветното тримесечје се објавуваат како проценети податоци. При објавувањето на податоците за секое наредно тримесечје од таа година, се објавуваат и ревидирани податоци за претходните тримесечја. При секоја ревизија на годишниот бруто-домашен производ се врши и ревизија на тримесечната серија на бруто-домашниот производ.

### Дефиниции

Бруто-домашниот производ по пазарни цени е финален производ на производната активност на резидентните производни единици и е збир на бруто-додадената вредност од одделните институционални сектори или одделни дејности, по основни цени, плус данокот на додадена вредност и царините, минус субвенциите на производи (што не се распределени по дејности).

Бруто-додадената вредност по основни цени претставува основна категорија на бруто-домашниот производ и се дефинира како разлика меѓу бруто-вредноста на производството и меѓуфазната потрошувачка.

Бруто-домашниот производ според расходниот метод ги прикажува финалната употреба, т.е. потрошувачката на финални производи и услуги произведени во домашната економија, бруто-инвестициите и нето-извозот и увозот на стоки и на услуги.

### Извори на податоци

За пресметка на бруто-домашниот производ на тримесечно ниво се користат податоци од годишните пресметки на бруто-домашниот производ, Министерството за финансии за соодветното тримесечје, Народната банка, од редовните статистички истражувања во Државниот завод за статистика и дополнителни податоци од соодветни институции.

### Метод на пресметка

При пресметките на бруто-домашниот производ по постојани цени се користи методот на двојни индикатори. Стапките на раст на тримесечно ниво, пресметани според производниот метод, се пресметани користејќи ја 2005 година како референтна година. Поради користење на методот на верижење, се појавува неадитивност на податоците.

За пресметка на финалната потрошувачка по тековни цени се користат податоци од Анкетата за потрошувачка на домаќинствата, административни извори на податоци и други релевантни извори.

Пресметката на бруто-инвестициите се базира на методот на стоковни текови во делот за машини и опрема и на податоците од истражувањата во Државниот завод за статистика кои се користат за процена на градежништвото и промена на залихите. Податоците за извозот на стоки и на услуги и за увозот на стоки и на услуги се пресметани врз основа на податоци од Народната банка на Република Северна Македонија.

## ИНДУСТРИЈА

### Извори и методи на прибирање на податоците

Извори на податоците се резултатите од Месечниот извештај за индустрија, ИНД. 1, за индустриско производство, залихи и работници во индустријата и Месечниот извештај за прометот во индустријата, ИНД. 2.

За прибирање на податоците се користи извештаен метод. Извештајните единици доставуваат Месечен извештај за индустријата и Месечен извештај за прометот во индустријата до надлежниот статистички орган во одреден рок, врз основа на Програмата за статистички истражувања во Република Северна Македонија за определена година.

Извори на податоците се книговодствената и кадровската евиденција, како и документацијата со која располага извештајната единица.

### Опфат и единици на набљудување

Единици на набљудување кај Месечниот извештај за индустрија се претпријатијата и деловните единици кои се распределени според Националната класификација на дејностите во областа на индустријата и рударството во секторите: Б - Рударство и вадење на камен, В - Преработувачка индустрија и Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација, додека кај Месечниот извештај за прометот во индустријата, секторот Г - Снабдување со електрична енергија, гас, пареа и климатизација не се опфаќа.

Со Месечниот извештај за индустрија, ИНД. 1 и Месечниот извештај за прометот во индустријата, ИНД. 2 се опфатени и деловните единици што се занимаваат со индустриско производство и остваруваат промет од индустриска дејност, а нивното матично претпријатие не припаѓа во индустријата, туку во шумарството, градежништвото и сл. Претпријатијата што ја вршат индустриската дејност на територијата на две или повеќе општини се делат на толку единици на набљудување колку што има општини на чија територија ја вршат дејноста.

### Начин на пресметка

Индексот на индустриското производство на различно ниво на Националната класификација на дејностите (вкупно, по главни индустриски групи, сектори, оддели) се пресметува во два чекора: во првиот чекор, со пондерирање на индивидуалните индекси на количествата на индустриските производи, а во вториот чекор, преку пондерирање со соодветни пондерациски коефициенти за различни нивоа.

Месечните индекси на индустриското производство се пресметуваат со користење на Ласперовата формула и се користат за пресметување на другите индекси.

Пондерите за производите од Номенклатурата на индустриските производи кои се користат за пресметка на индексот на индустриското производство претставуваат додадена вредност за производство на одредени производи. Се пресметуваат врз основа на учеството на производните вредности во Годишниот извештај за индустрија за секоја година и се ревидираат еднаш годишно.

Структурата на индустриските дејности (структурата по оддели) е пресметана врз основа на додадената вредност за секоја година и се ревидира на почетокот на секоја година за пресметка на индексите за тековната година.

Индексите на залихите на готови производи се пресметуваат врз база на обемот на залихи на индустриски производи на последниот ден од извештајниот месец.

Индексите на работниците во индустријата се пресметуваат од податоците за работниците во одделни групи дејности.

Во оваа публикација се прикажани индексите на индустриското производство врз база на 2015 година, со цел да се направи усогласување со Регулативата за краткорочни деловни статистики 1165/98 на Европската комисија и нејзините измени и дополнувања, според кои 2015 година е нова базна година за сите земји членки во ЕУ.

Индексите на прометот во индустријата на различно ниво на Националната класификација на дејностите - НКД, рев. 2 (вкупно, по главни индустриски групи, сектори, оддели, групи на производи) се пресметуваат како три типа индекси: индекси на прометот во индустријата, вкупно, индекси на прометот во индустријата на домашниот пазар и индекси на прометот во индустријата на странските пазари. Пондерациските коефициенти за прометот во индустријата, вкупно, се претставени со вредноста на прометот од завршните сметки на претпријатијата за 2015 година, по чиста дејност, агрегирана на ниво на групи производи, т.е. на три цифри од НКД, рев. 2. Пондерациските коефициенти за прометот во индустријата на странските пазари се претставени со вредноста на прометот на претпријатијата остварен од извозот на сопственото производство, по чиста дејност, агрегирана на ниво на групи производи, т.е. на три цифри од НКД, рев. 2, согласно со структурата на вредноста на извозот од „Стоковна размена со странство, 2015“. Пондерациските коефициенти за прометот во индустријата на домашниот пазар се изведуваат како разлика од пондерациските коефициенти за прометот во индустријата, вкупно, и пондерациските коефициенти за прометот во индустријата на странските пазари. Пондерите се менуваат на секои пет години, а како базна година се користи 2015 година.

**Применети класификации**

При прибирањето на податоците во Месечниот извештај за индустриското производство, залихите и работниците во индустријата и Месечниот извештај за прометот во индустријата и при објавувањето на резултатите, се користи Националната класификација на дејностите (во согласност со одлуката за Националната класификација на дејностите објавена во „Службен весник на Република Македонија” бр. 147/2008 година и Националната номенклатура на индустриските производи, 2013, објавена во „Службен весник на Република Македонија” бр. 83/2014 година).

**Препораки**

Месечниот извештај за индустрија, ИНД. 1 и Месечниот извештај за прометот во индустријата, ИНД. 2 се базираат на препораките на Евростат во Методологијата за краткорочни деловни статистики од 2006 година и се хармонизирани во согласност со Регулативата 1165/98 на Европската комисија

## ГРАДЕЖНИШТВО

**Извори и методи на прибирање на податоците**

**Податоците се добиваат од Месечниот статистички извештај за градежништво, Град.21.**

**Опфат**

Со Месечниот статистички извештај за градежништво, Град. 21, се опфаќаат најголемите деловни субјекти во Република Северна Македонија кои се занимаваат со градежна дејност, како и деловните субјекти кои според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2 не се класифицирани во градежната дејност, но извршуваат работи од поголем градежен обем. Ваквиот опфат покрива 90 % од вкупната вредност на извршените градежни работи во Република Северна Македонија.

**Дефиниции**

Вредноста на извршените работи претставува вредност на реално извршените градежни работи (без оглед на тоа дали се наплатени или не) од почетокот на годината до крајот на извештајниот месец. Вредноста на извршените работи се добива од месечните извештаи од деловните субјекти, во илјади денари, по тековни цени.

Податокот за бројот на извршените ефективни часови се искажува за сите вработени кои имаат засновано работен однос според кадровската евиденција и ги опфаќа остварените часови на редовна и прекувремена работа, без оглед дали се платени по час, норма или акорд.

Податокот за бројот на вкупно вработените се искажува според состојбата на последниот ден од извештајниот месец, но само за вработените кои имаат засновано работен однос според кадровската евиденција, без оглед дали се наоѓаат на боледување или на годишен одмор. Не се вклучуваат учесниците во стопанството.

**Применети класификации**

Градежните работи опфатени со Месечниот статистички извештај се во согласност со Номенклатурата за градежни објекти и градежни работи која е изработена врз основа на класификациите на Евростат, и тоа: во делот на градежните објекти е користена Класификацијата на видовите градежни објекти (Classification of Types of Constructions), а во делот на градежните работи е користена Статистичката класификација на производите според активноста (Statistical Classification of Products by Activity).

Со ова усогласување на статистичките истражувања е овозможена меѓународна споредливост на податоците.

## ТРАНСПОРТ И ДРУГИ КОМУНИКАЦИИ

### Извори и методи на прибирање на податоците:

**Патнички превоз**

Податоците се прибираат со извештаен метод преку тримесечни статистички извештаи од областа на патничкиот превоз, во согласност со Програмата за статистички истражувања на Република Северна Македонија.

**Градско-приградски превоз**

Податоците се прибираат со извештаен метод преку тримесечни статистички извештаи од областа на градско-приградскиот превоз, во согласност со Програмата за статистички истражувања на Република Северна Македонија.

**Железнички превоз**

Податоците се прибираат со извештаен метод преку тримесечни статистички извештаи од областа на железничкиот превоз, во согласност со Програмата за статистички истражувања на Република Северна Македонија.

**Воздухопловен превоз**

Податоците се прибираат со извештаен метод преку тримесечни статистички извештаи од областа на воздухопловниот превоз, во согласност со Програмата за статистички истражувања на Република Северна Македонија.

**Поштенски и телекомуникациски сообраќај**

Податоците се прибираат со извештаен метод преку редовните месечни статистички извештаи од областа на поштенскиот и телекомуникацискиот сообраќај, во согласност со Програмата за статистички истражувања на Република Северна Македонија.

Од 2003 година, податоците за мобилната телефонија се прибираат преку редовни месечни истражувања на мобилната телефонија, во согласност со Програмата за статистички истражувања во Република Северна Македонија.

**Товарен патен превоз**

Истражувањето се спроведува според методот на стратифициран намерен примерок, со неделно следење на работата на избраните возила од примерокот.

### Опфат

**Патнички превоз**

Извештајни единици се деловните субјекти кои според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2 се распределени во секторот Ж, во класата: 49.39

**Градско-приградски превоз**

Извештајни единици се деловните субјекти кои според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2 се распределени во секторот Ж, во класата 49.31.

**Железнички превоз**

Извештајни единици се деловните субјекти кои според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2 се распределени во секторот Ж, во класите 49.10 и 49.20.

**Воздухопловен превоз**

Извештајни единици се деловните субјекти кои според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2 се распределени во секторот Ж, во класите: 51.10 и 51.21.

**Поштенски и телекомуникациски сообраќај**

Извештајни единици се деловните субјекти кои според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2 се распределени во секторот Ж и S, во класите: 53.10; 61.10 и 61.20.

**Товарен патен превоз**

Извештајни единици се патните товарни возила (вклучувајќи ги и влечните) со носивост над 3500 кг во сопственост на правни и физички лица, регистрирани во Министерството за внатрешни работи.

### Дефиниции

**Патнички превоз**

Поминати километри на возилото - се прикажуваат поминатите километри во текот на извештајното тримесечје без оглед на тоа дали возењето било во функција на превоз или не.

Патник е секое лице што набавило возен билет или соодветна возна исправа и влегло во автобус со цел да се превезе до определено место.

Патнички километар е единица мерка што претставува превоз на патник на растојание од еден километар.

**Градско-приградски превоз**

Превозот на патници се однесува само на превозот што се врши на градските и приградските линии непосредно во градското подрачје (не е опфатен такси-превозот).

Поминати (возни) километри претставува единица мерка со која се изразува движењето на патничкото возило на растојание од еден километар. Во поминатите километри се вклучуваат и километрите кога возилото се движи празно (без патници).

**Железнички превоз**

Во податоците за превезените патници се опфатени сите патници превезени со железнички коли во националниот и меѓународниот превоз.

Во податоците за превезените стоки се опфатени сите стоки превезени со железнички коли во националниот и меѓународниот превоз.

Натоварените стоки претставуваат стоки натоварени во националниот и меѓународниот превоз.

Истоварените стоки претставуваат стоки истоварени во националниот и меѓународниот превоз.

Патник е секое лице, освен екипажот на колата, што за патување користи железничка кола.

Патнички километар претставува единица мерка за транспорт на еден патник во должина на пругата од еден километар.

Превезени стоки претставува збир на сите стоки што се превезуваат со железнички коли.

Нето-тонски километар претставува единица мерка за транспорт на еден тон стока со железница во должина од еден километар.

**Воздухопловен превоз**

Во податоците за превезените патници се опфатени сите патници што отпатувале и допатувале со воздухоплов во редовниот и чартер-превозот.

Во податоците за превезените стоки се опфатени сите стоки испратени и пристигнати во редовниот и чартер-превозот.

**Поштенски и телекомуникациски сообраќај**

Податоците за писмоносните пратки се однесуваат на испратените пратки на обични и препорачани писма, телефонски сметки, поштенски картички, печатени работи, мали пакети, вредносни писма, ЕМС-пратки во националниот и во меѓународниот сообраќај.

Податоците за пакетните пратки се однесуваат на испратените пратки на обични, вредносни, рачни и ЕМС-пакети во националниот и во меѓународниот сообраќај.

Телефонски повици од фиксната мрежа - се опфаќаат сите повици од мрежата на националниот фиксен оператор изразени во 1000 минути, како што се националните повици (направени во рамките на земјата), меѓународните (повици кон други земји), повиците за конекција со интернет (dial-up) и други.

Повици од мобилната мрежа - се опфаќаат сите национални и меѓународни повици од претплатниците на мобилните национални оператори изразени во 1000 минути. Роамингот не е опфатен.

Национални повици од мобилната мрежа - вкупно повици, во 1000 минути, од претплатниците на мобилните национални оператори и направени во рамките на земјата (потекнуваат и завршуваат во Република Северна Македонија).

**Товарен патен превоз**

Поминати километри на возилото - се прикажуваат поминатите километри на возилото со товар или празно.

Тон стока е основна единица мерка со која се искажува тежината на стоката.

Тон километар е единица мерка што претставува превоз на еден тон стока на растојание од еден километар.

**Класификации и стандарди**

Основни дефиниции и стандарди

Регулатива 1172/98 за товарниот патен превоз

Класификација на земјите, ISO-3166

Класификација на стоки, NST

Класификација на опасни стоки, ADR

Класификација на карго превоз

Регулатива 91/2003 за железнички превоз

Регулатива 437/2003 за воздухопловен превоз

## НАДВОРЕШНА ТРГОВИЈА

### Извор

Изворен документ за статистичко следење на извозот и на увозот на стоки е единствениот царински документ чија содржина е прилагодена на неговата повеќестрана намена. Во документот се впишуваат податоци значајни за самата царинска постапка, како и податоци за потребите на статистичката обработка на податоците и за органите и системите на банките.

Содржината, формата и начинот на пополнување на единствениот царински документ се пропишани со Правилник за начинот на пополнување на царинската декларација и кодексот на шифри кои се употребуваат при пополнување на царинската декларација и другите исправи во царинската постапка.

### Опфат

Податоците за надворешната трговија со стоки се прибираат и обработуваат според принципот на специјалната трговија (проширена дефиниција) кој се базира на концептот на поминување на стоките на царинската граница.

Извозот, според принципот на специјална трговија, ја опфаќа сета стока извезена во странство и во странските царински складишта и индустриските слободни зони, а што потекнува од домашниот стоков промет, просториите за внатрешно облагородување и индустриските слободни зони.

Увозот ги опфаќа сите стоки увезени директно од странство, од царински транзит или од царински складишта и индустриски слободни зони. Ова значи дека во увозот се опфаќа сета стока што е оцаринета и пуштена во внатрешниот стоков промет, просториите за внатрешно облагородување и индустриските слободни зони.

### Единици на набљудување

Единица на набљудување во статистиката на надворешната трговија е секоја стоковна испорака што се врши во рамките на извозот, односно увозот на стоки којашто мора да биде хомогена од гледна точка на видот на стоката, земјата на потекло, односно намената, начинот на плаќање и моментот на минување на границата.

### Територија

Територијата на набљудување во статистиката на надворешната трговија е економската територија која во основа се совпаѓа со царинската (државната) територија, освен кога трговијата се одвива преку царинските слободни зони.

### Време на набљудување и обработка

Статистичката обработка на податоците за извозот и за увозот се врши месечно.

Податоците за извозот и за увозот се распоредуваат во месецот во кој е извршена трансакцијата според времето на приемот на образецот за единствен царински документ. Месечните податоци за тековната година се дополнуваат и коригираат тековно, секој месец. Со првата обработка на податоците се опфаќаат околу 98% од вкупните податоци. Податоците што дополнително ќе се опфатат и сите корекции во податоците, се вклучуваат во месецот на набљудување според датумот на приемот на образецот за единствениот царински документ. Поради тоа, податоците во текот на годината се третираат како претходни, сé до публикувањето на дефинитивните податоци.

### Применети класификации

Во статистиката на надворешната трговија се применуваат следниве класификации и номенклатури:

- Царинската номенклатура базирана врз Хармонизираниот систем на шифрени ознаки и називи на стоките
- Стандардна меѓународна трговска класификација (СМТК)
- Класификација на производите по дејности (КПД)
- Класификација на основните економски категории (ОЕК)
- Номенклатура на земји - 3166 ISO алфа - 2 код

Основните принципи, стандарди, дефиниции и процедури за спроведување на статистичкото истражување за надворешната трговија, се базираат врз препораките на Обединетите нации за концептите и дефинициите на статистиката на надворешната трговија (International Trade Statistics: Concepts and definitions United Nations Statistical Papers, 2010, Series M, No.52, Rev 3), врз кои се базира и методологијата за надворешно-трговската размена на статистичката служба на Европската унија (ЕВРОСТАТ).

## ВНАТРЕШНА ТРГОВИЈА

**Извори и методи на прибирање на податоците**

Извори на податоците се резултатите од Месечниот извештај за трговија, ТРГ.1, за остварениот промет, бројот на вработените и бројот на одработените часови.

Истражувањето се спроведува според методот на стратифициран примерок.

**Опфат**

Извештајни единици се деловните субјекти чија претежна дејност е продажба и поправка на моторни возила и на мотоцикли, трговија на големо и трговија на мало.

Извештајните единици се избрани врз база на примерок, односно во примерокот се опфатени претпријатијата кои се занимаваат со трговија (Сектор Е, оддели 45, 46 и 47, според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2). Во примерокот се вклучени сите големи и средни претпријатија, а останатите се избрани по случаен избор. Критериуми за избор на примерокот се дејноста и големината на прометот.

**Дефиниции**

**Трговија на големо** е набавка на стоки за понатамошна продажба на трговците, преработувачите или големите потрошувачи во земјата или во странство.

**Трговија на мало** е набавка на стоки за понатамошна продажба на крајните потрошувачи (за лична употреба или за употреба во домаќинствата).

**Прометот** претставува вкупна фактурирана вредност на извештајната единица во одреден период и ова кореспондира со пазарните продажби на стоки и на услуги кон други субјекти. Прометот ги вклучува сите даноци за стоки и за услуги фактурирани од извештајната единица, со исклучок на данокот на додадена вредност (ДДВ). Прометот ги вклучува и сите други давачки (за транспорт, пакување) и кога се тие прикажани одделно во фактурата. Намалувањето на цените, рабатите и попустите, како и вредноста на вратената стока, мора да се одбијат. Не се земаат предвид намалувањата на цените и попустите, како што се, на пример, на крајот од годината. Во прометот не влегуваат: други оперативни, финансиски и вонредни приходи, како и паричната помош од државната власт или од институции на Европската Унија.

**Објавување на податоците**

Податоците се објавуваат во форма на индекси и тие се пресметани на база на 2015 година (базна година), а пресметаните индекси не се сезонски прилагодени.

Индексите ги одразуваат краткорочните промени во прометот помеѓу два споредбени периода, тековен месец во споредба со ист месец од претходната година.

**Вредносни индекси** (индекси во номинален износ) - се зема прометот по постојани цени и влијанието на цените на мало не е отстрането.

**Волуменски индекси** (индекси во реален износ) - добиени се со дефлатор, со што се отстранува влијанието на цените на мало.

Податоците во трговијата на мало се дадени според следниве групи: Трговија на мало со храна, пијалаци и тутун (47.11, 47.2); Трговија на мало со непрехранбени продукти, освен гориво (47.19, 47.4, 47.5, 47.6, 47.7, 47.8, 47.9); Трговија на мало, освен трговија со автомобилски горива (47 без 47.3) и Трговија на мало со автомобилски горива (47.3).

## ОТКУП И ПРОДАЖБА

**Извори и методи за прибирање на податоците**

Податоците за продажбата на земјоделските производи се прибираат со редовните месечни статистички истражувања Откуп на земјоделски производи од индивидуалните земјоделски производители (ТРГ.31) и Продажба на земјоделски производи од сопствено производство на земјоделските претпријатија и земјоделските задруги (ЗЕ.ТРГ.33), при што се следат 140 земјоделски производи.

**Опфат**

Извештајни единици за наведените статистички истражувања се сите правни и физички лица кои според Националната класификација на дејностите се регистрирани во сектор А, оддел 01, сектор Б, оддел 05, како и претпријатијата кои имаат регистрирано единица во состав во секторите А и Б.

**Дефиниции**

Откуп на земјоделски производи од индивидуални земјоделски производители е купување, односно преземање земјоделски производи непосредно од индивидуалните земјоделски производители што го вршат претпријатија заради преработка или продажба.

Продажба на земјоделски производи од сопствено производство е екстерна или интерна продажба и испорака на земјоделски производи од сопствено производство на претпријатијата и земјоделските задруги.

**Метод на пресметка**

Индексите се пресметуваат преку релација на месечните вредности на ниво на производи, групи и вкупно, во тековната и во базната година.

**Применети класификации**

Податоците се искажуваат според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2, а производите се делумно приспособени кон Класификацијата на производи по дејности (КПД 2008).

## УГОСТИТЕЛСТВО

### Извори и методи на прибирање на податоците

Податоците се прибираат според извештаен метод преку редовните тримесечни статистички извештаи од извештајните единици чија основна дејност е угостителството и од други деловни субјекти кои во својот состав имаат единици што вршат угостителски услуги.

### Опфат

Извештајни единици се деловните субјекти што според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2 се распределени во Секторот 3 во одделите 55 Објекти за сместување и 56 Дејности за подготовка на оброци и служење на храна, како и деловните субјекти што во својот состав имаат деловна единица чија дејност припаѓа на овие оддели.

### Дефиниции

Вредноста на прометот во угостителството претставува вредност на извршените услуги за сместување, исхрана, точење пијалаци, како и други стоковни и нестоковни услуги (продажба на тутун, сувенири, превоз на гости и багаж, ПТТ-услуги и слично). Вредноста на прометот е искажана во тековни цени со вклучен ДДВ.

Податоците за прометот по месеци се процени добиени врз база на анализите за вообичаените месечни сезонски варијации и оценката на трендот на прометот. Овие процени, по истекот на тримесечјето, се коригираат врз основа на резултатите од тримесечните извештаи.

## ТУРИЗАМ

Податоците се прибираат според извештаен метод преку редовните месечни статистички извештаи што ги доставуваат сите угостителски и други деловни субјекти кои се занимаваат со сместување туристи (хотели, пансиони, мотели, одморалишта, кампови и сл.).

### Опфат

Извештајни единици се деловните субјекти што според Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2 се распределени во Секторот 3 во одделот 55 Објекти за сместување, како и деловните субјекти што во својот состав имаат деловна единица чија дејност припаѓа на овој оддел.

Извесен број туристи и нивните ноќевања остануваат неопфатени поради непријавувањето на гостите, претежно туристи во приватни соби, куќи за одмор и рекреација и оние туристи што престојувале кај роднини или пријатели.

### Дефиниции

**Турист** е секое лице што престојува привремено во некое место надвор од своето постојано живеалиште и таму пренокува барем една ноќ во угостителски или некој друг објект за сместување.

**Домашен турист** е лице со постојано живеалиште во Република Северна Македонија што престојува привремено во друго место надвор од своето постојано живеалиште и пренокува најмалку една ноќ во угостителски или други објекти за сместување туристи.

**Странски турист** е лице со постојано живеалиште надвор од Република Северна Македонија што привремено престојува во Република Северна Македонија и пренокува најмалку една ноќ во угостителски или други објекти за сместување туристи.

Постоечките дефиниции се усогласени со Директивата 95/57/ЕС.

## ПРОДАЖНИ ЦЕНИ НА ПРОИЗВОДИТЕЛИТЕ НА ИНДУСТРИСКИ ПРОИЗВОДИ

### Цели

Индексите на продажните цени на производителите на индустриски производи, вкупно, ги мерат промените на нивото на продажните цени на производителите на индустриски производи/услуги што се произведуваат во Северна Македонија и се продаваат од производителите на домашниот пазар и на странските пазари. Индексот на продажните цени на производителите на индустриски производи, вкупно, е составен од две компоненти: индексите на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар и индексите на продажните цени на производителите на индустриски производи на странските пазари.

Индексите на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар ги мерат промените на нивото на цените на производителите на индустриски производи/услуги што се произведуваат во Северна Македонија и се продаваат на домашниот пазар.

Индексите на продажните цени на производителите на индустриски производи/услуги на странските пазари ги мерат промените на нивото на цените на производителите на индустриски производи што се произведуваат во Северна Македонија и се продаваат на странските пазари.

### Дефиниција

Продажната цена на производителите на индустриски производи/услуги продадени на домашниот пазар е цената според која производителот им ги продава своите производи/услуги на редовните купувачи на домашниот пазар, во најголеми количества натоварени франко во вагон (камион), во местото на производителот. Во оваа цена влегува регресот ако продавачот, според прописите, го остварува, а од цената се одбива трговскиот рабат и попустот што продавачот му го одобрува на купувачот. Во цената не се пресметани акциза и ДДВ.

Продажната цена на производителите на индустриски производи/услуги продадени на странските пазари е цената според која производителот им ги продава своите производи/услуги на редовните купувачи на странските пазари, во најголеми количества со клаузула FOB (free on board), што подразбира дека трошоците за транспорт и осигурување до македонската граница се вклучени во цената. Од оваа цена се одбива трговскиот рабат и попустот што продавачот му го одобрува на купувачот. Во цената не треба да се пресмета ДДВ.

Просечната месечна продажна цена на еден производ/услуга се пресметува кога вкупната месечна продажна вредност (земајќи ги предвид претходните дефиниции) од тој производ/услуга ќе се подели со вкупното продадено количество од истиот производ/услуга во тој месец.

### Начин на пресметка

Индексите на продажните цени на производителите на индустриски производи, вкупно, се пресметуваат како пондериран просек од индексите на продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар и од индексите на продажните цени на производителите на индустриски производи на странските пазари.

Месечните индекси на продажните цени на производителите на индустриски производи и на домашниот пазар и на странските пазари се пресметуваат со користење на Ласперовата формула.

$$I_{t/o} = \frac{\sum_{i=1}^{n} \frac{P_{ti}}{P_{oi}} * W_{oi}}{\sum_{i=1}^{n} W_{oi}}$$

$I_{(t/0)}$ - индекс
$P_{(ti)}$ - цена на производот "i" во тековниот месец
$P_{(oi)}$ - цена на производот "i" во базниот период
$W_{(oi)}$ - пондер на производот "i" во базниот период
n - број на производи

За пондерирање се користи реализираната вредност на домашниот пазар, односно на странските пазари, за секој производ кај секоја извештајна единица. Пондерите се менуваат секоја петта година.

## ЦЕНИ НА ИНПУТОТ И НА АУТПУТОТ ВО ЗЕМЈОДЕЛСТВОТО И ЦЕНИ НА УГОСТИТЕЛСКИТЕ УСЛУГИ

**Извори и методи за прибирање на податоците**

Извори за цените на инпутот и на аутпутот се месечните извештаи кои се прибираат од деловните субјекти од областа на трговијата на големо, земјоделските претпријатија и земјоделските задруги кои продаваат средства за тековна потрошувачка во земјоделството и производи од земјоделското производство продадени надвор од Секторот.

Цените на угостителските услуги го мерат нивото на цените на мало остварени во угостителските објекти (хотели, мотели и ресторани).

Цените на угостителските услуги се снимаат со образецот Ц.31 во избрани угостителски објекти, хотели со ресторани, мотели со ресторани и ресторани, во периодот од 18 до 20 во месецот. Цените се снимаат од листата на јадења според кои се продаваат на денот на снимањето на цените. Единиците мерки по кои се снимаат цените се наведени на образецот и се вообичаени за одредените производи и услуги.

**Опфат**

Цените на инпутот во земјоделството се следат месечно за околу 80 производи кои деловните субјекти им ги продаваат на непосредните земјоделски производители за тековните потреби во земјоделското производство.

Цените на аутпутот во земјоделството се следат месечно за околу 110 земјоделски производи кои деловните субјекти ги откупуваат од индивидуалните земјоделски производители, како и продажбата на земјоделските производи од сопствено производство на земјоделските претпријатија.

Цените на угостителските услуги се следат еднаш месечно во 27 избрани угостителски објекти за 65 угостителски услуги во 8 градови во Република Северна Македонија.

**Дефиниции**

Инпутот во земјоделството ги опфаќа средствата, услугите и инвестициите кои земјоделските производители ги вложиле тековно за непречено одвивање на земјоделското производство. Аутпутот во земјоделството го опфаќа производството од земјоделскиот сектор, откупено или продадено надвор од Секторот.

Цени на инпутот се цени кои земјоделските производители ги платиле за купување на потребните средства и извршените услуги, направените инвестиции кои им биле неопходни за непречено одвивање на земјоделското производство. Во цената не е вклучен данокот на додадената вредност (ДДВ). Цени на аутпутот се цени по кои од земјоделските производители се откупуваат земјоделските производи што ги произвеле или се продаваат од сопствено производство на земјоделските претпријатија. Во цената не е вклучен данокот на додадена вредност (ДДВ).

Цените на угостителските услуги се оние цени по кои угостителските објекти им ги продаваат на гостите своите услуги за храна, пијалаци и сместување. Во цените е вклучен и ДДВ.

**Начин на пресметка**

Индексите на цените на инпутот и на аутпутот во земјоделството се пресметуваат со пондерирање на индексите на цените, врз основа на учеството на просечната вредност (2003 – 2005) на набавените производи по набавни цени (инпут) и просечната производна вредност (2003 – 2005) по тековни цени (аутпут).

Со оглед на сезонскиот карактер на земјоделското производство, особено во делот зеленчук и овошје, при пресметката на индексите на цените се користат варијабилни месечни пондери. Пондерите се пресметани врз база на учеството на одредени производи во месеците во текот на годината.

Индексите на цените на угостителските услуги се пресметуваат преку пондерирање на индексите на цените со структурата на вредностите на услугите реализирани во угостителските објекти.

Индексите се пресметуваат со користење на Ласперовата формула:

$$I_{t/o} = \frac{\sum_{i=1}^{n} \frac{P_{ti}}{P_{oi}} * W_{oi}}{\sum_{i=1}^{n} W_{oi}}$$

| | |
|---|---|
| $I_{(t/0)}$ | - индекс |
| $P_{(ti)}$ | - цена на производот/услугата "i" во тековниот месец |
| $P_{(oi)}$ | - цена на производот/услугата "i" во базниот период |
| $W_{(oi)}$ | - пондер на производот/услугата "i" во базниот период |
| n | - број на производи/услуги |

**Применети класификации**

Кај аутпут индексите на цените, прибирањето и пресметките на индексот се вршат според Националната номенклатура на земјоделски производи и услуги.

**ТРОШОЦИ ВО ГРАДЕЖНИШТВОТО ЗА НОВИ ОБЈЕКТИ ЗА ИНДИВИДУАЛНО ДОМУВАЊЕ**

Индексот на трошоците во градежништвото за нови објекти за индивидуално домување се пресметува како пондериран просек од индексот на трошоците за материјали и индексот на трошоците за вработените:

$$I_{(cc)t/o} = I_{(mc)t/o} * W_{o1} + I_{(lc)t/o} * W_{o2}$$

$I_{(cc)t/o}$ - Индекс на трошоците во градежништвото за нови објекти за индивидуално домување

$I_{(mc)t/o}$ - Индекс на трошоците за материјали

$I_{(lc)t/o}$ - Индекс на трошоците за вработени

$W_{o1/2}$ - Пондери

$W_{o1} + W_{o2} = 1$

За пресметка на индексот на трошоците за материјали се користат податоците за продажните цени на производителите на индустриски производи на домашниот пазар за 92 производа што припаѓаат на класите:

08.11; 08.12; 08,99; 16.10; 16.23; 20.16; 20.30; 20.52; 20.59; 22.21; 23.12; 23.20; 23.32; 23.51; 23.52; 23.61; 23.62; 23.63; 23.64; 23.70; 23.99; 24.10; 24.20; 24.33; 24.34; 25.11; 25.12; 25.93; 27.32; 31.02.

Индексот на трошоците за материјали се пресметува врз основа на Ласперовата формула:

$$I_{(mc)t/o} = \frac{\sum_{i=1}^{n} \frac{P_{ti}}{P_{oi}} * W_{oi}}{\sum_{i=1}^{n} W_{oi}}$$

$I_{(мс)t/o}$ - Индекс на трошоците за материјали

$P_{ti}$ - Цена на градежниот материјал “i“ во тековниот период

$P_{oi}$ - Цена на градежниот материјал “i“ во базниот период

$W_{oi}$ - Пондер

t - Тековен период

0 - Базен период

Индексот на трошоците за вработените се пресметува од податоците за исплатените бруто-плати по вработен во секторот Градежништво, оддел 41 - Изградба на згради, од Националната класификација на дејностите – НКД, рев. 2.

$$I_{(lc)t/0} = \frac{S_t}{S_0} * 100$$

$I_{(lc)t/o}$ - Индекс на трошоците за вработените

$S_{ti}$ - Просечна исплатена бруто-плата по вработен во тековниот период

$S_{oi}$ - Просечна исплатена бруто-плата по вработен во базниот период

t - Тековен период

0 - Базен период

**ЦЕНИ НА МАЛО И ТРОШОЦИ НА ЖИВОТОТ**

**Податоците за цените на мало** на артиклите и услугите претставуваат резултат на редовните снимања на цените со кои се следат цените на земјоделските и индустриските производи на мало, како и цените на услугите. Снимањето на цените се спроведува во 8 градови во земјата. Индустриските производи и услугите се снимаат еднаш месечно, додека земјоделските производи се снимаат 2 пати месечно (во првата и во третата недела во месецот).

Почнувајќи од јануари 2006 година, цените на нафтените деривати се следат од 26-ти во претходниот месец до 25-ти во тековниот месец, со цел да бидат опфатени повеќекратните промени на цените во текот на еден месец.

**Просечните месечни цени** на производите и услугите се добиваат со пондерирана аритметичка средина, со тоа што просечните цени од одделни градови се пондерираат со продадените количества на соодветните артикли во тие градови.

Почнувајќи од јануари 2012 година, просечните цени по градови се пресметуваат со геометриска средина. Просечните цени на земјоделските производи се пресметуваат како просек од двете снимања.

**Просечните годишни цени** се добиваат со непондериран просек (аритметичка средина) на цените за 12 месеци.

**Опфат**

Во 2012 година, цените во прометот на мало се следат во 8 градови во Република Северна Македонија за 48 земјоделски производи, 147 индустриско-прехранбени, 259 индустриско-непрехранбени производи и 149 видови услуги.

При изборот на производите за следење на цените се земаат предвид само оние производи што имаат значително учество во прометот на мало.

**Дефиниции**

Под цени на мало се подразбираат цените по кои трговијата на мало, индивидуалните производители и вршителите на услугите им ги продаваат производите и услугите на крајните потрошувачи. Во цените е вклучен и ДДВ.

**Индекси на цени**

Врз основа на просечните месечни цени на мало, нивната динамика, како и структурата на личната потрошувачка, се пресметуваат индексите на цените на мало и индексите на трошоците на животот.

Индексите се пресметуваат по следната формула

$$I_{t/o} = \frac{\sum_{i=1}^{n} \frac{P_{ti}}{P_{oi}} * W_{oi}}{\sum_{i=1}^{n} W_{oi}}$$

| | |
|---|---|
| $I_{(t/0)}$ | - индекс |
| $P_{(ti)}$ | - цена на производот/услугата "i" во тековниот месец |
| $P_{(oi)}$ | - цена на производот/услугата "i" во базниот период |
| $W_{(oi)}$ | - пондер на производот/услугата "i" во базниот период |
| n | - број на производи/услуги |

**Индексот на трошоците на животот** се пресметува врз база на посебно групирана листа на производи и услуги од личната потрошувачка на домаќинствата и просечните месечни цени на мало на тие производи и услуги, односно нивните индивидуални индекси на цени, пондерирани со структурата од личната потрошувачка.

При пресметката на индексите на трошоците на животот, покрај Националната класификација, се применува и COICOP (Classification of individual consumption by purpose) како меѓународен стандард, односно Класификацијата на личната потрошувачка по намена. Оваа Класификација ја користат членките на Европската Унија за пресметка на хармонизираниот индекс на трошоците на животот кој се користи како индикатор за инфлацијата.

## АНКЕТА ЗА РАБОТНАТА СИЛА

### Извори и опфат на Анкетата

Анкетата за работната сила е сеопфатно истражување на економската активност на населението и неговите демографски, образовни и други карактеристики во меѓупописниот период.

Анкетата се спроведува на целата територија на Република Северна Македонија врз база на примерок од 11 250 домаќинства (7 200 домаќинства до 2003 година). До 2003 година Анкетата се спроведуваше годишно, а од 2004 година се спроведува континуирано, неделно, во текот на целата година, а обработката на податоците се врши квартално и годишно.

Единици на набљудување се: домаќинствата и лицата на возраст од 15 до 79 години.

Почитувањето на меѓународните препораки (Меѓународната организација на трудот – ILO и препораките на Европското статистичко биро – Евростат) овозможува меѓународна споредливост на податоците, но значи и примена на дефиниции за основните категории на пазарот на трудот различни од оние што ги уредува националното законодавство во областа на трудот.

При утврдувањето на конечната концепција на Анкетата за работната сила, почитувани се и специфичностите на Република Северна Македонија во оваа област.

### Дефиниции

Работоспособното население го составуваат сите лица на возраст од 15 до 79 години.

Економски активното население го составуваат вработените и невработените (работна сила).

Следејќи ги препораките на ILO, во вработените се вклучени лицата на возраст од 15 години и повеќе кои:

- за време на извештајната недела работеле за пари (во готово или во натура) или профит, најмалку 1 час;
- за време на извештајната недела привремено (т.е. поради болест, отсуство, студии, прекин на активноста на деловниот субјект итн.) биле отсутни од работното место, но имале работа.
- помагале на семејниот имот или семејното претпријатие без плата.

Во невработените, во согласност со стандардите на ЕВРОСТАТ и ILO, се вклучени лицата од 15 до 74 години што ги исполнуваат следните три услови:

- за време на извештајната недела не работеле (според горенаведените критериуми);
- активно барале работа, т.е. презеле конкретна активност за наоѓање работа;
- биле подготвени да прифатат работа во извештајната недела или во наредната недела.

Лицата што не се вклучени во ниедна од двете категории ја составуваат групата на оние што не се во работната сила:

- учениците и студентите;
- пензионерите;
- домаќинките (кои извршуваат само активности во своето домаќинство);
- лицата што се издржувани од други лица или од државата или кои се издржуваат самите со друг вид приходи (ренти, камати).

Главни показатели за следење на промените кај работната сила се:

- стапката на активност како учество на работната сила во вкупното население на возраст од 15 години и повеќе;
- стапката на вработеност како учество на бројот на вработените во вкупното население на возраст од 15 години и повеќе;
- стапката на невработеност како учество на бројот на невработените во вкупната работна сила.

Извештаен период на кој се однесуваат прашањата во Анкетата е неделата која ѝ претходи на неделата на анкетирањето.

## ПЛАТИ И ВРАБОТЕНОСТ

### Извори и опфат на истражувањето Труд.1

